Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, алинеја 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011 и 136/2011), член 26 од Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење („Службен весник на РМ“ бр. 62/09), на седницата одржана на 27 јули 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за греење за 2012 година на СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ Скопје**

1. На друштвото за снабдување со топлинска енергија, СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ - Скопје, се одобрува регулиран максимален приход од 880.179.153 денари за 2012 година за испорачана количина на топлинска енергија од 173.127.595 kWh,
2. За периодот август-декември 2012 година на друштвото за снабдување со топлинска енергија, СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ - Скопје, се одобрува регулиран максимален приход од 391.645.698 денари, за испорачана количина на топлинска енергија од 69.327.389 kWh.
3. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за набавка на топлинска енергија изнесува 811.848.115 денари, за набавени 196.735.903 kWh на влез на дистрибутивната мрежа и истиот износ го плаќа на производителот на топлинска енергија согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.
4. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 2 на оваа Одлука трошокот за набавка на топлинска енергија изнесува 336.817.975 денари, за набавени 78.781.124 kWh на влез на дистрибутивната мрежа и истиот износ го плаќа на производителот на топлинска енергија согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.
5. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за услугата дистрибуција на топлинска енергија изнесува 40.044.005 денари за дистрибуирана количина на топлинска енергија од 173.127.595 kWh до крајните потрошувачи, и истиот износ го плаќа на дистрибутерот на топлинска енергија согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.
6. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 2 на оваа Одлука трошокот за услугата дистрибуција на топлинска енергија изнесува 18.099.212 денари за дистрибуирана количина на топлинска енергија од 69.327.389 kWh до крајните потрошувачи, и истиот износ го плаќа на дистрибутерот на топлинска енергија согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.
7. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за услугата снабдување со топлинска енергија изнесува 57.282.415 денари за испорачани количини на топлинска енергија од 173.127.595 kWh, на ниво на мерно место.
8. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 2 на оваа Одлука трошокот за услугата снабдување со топлинска енергија изнесува 36.728.511 денари за испорачани количини на топлинска енергија од 69.327.389 kWh, на ниво на мерно место.
9. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија (“Сл.весник на РМ“ бр.151/09), се одобруваат следните тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на мерно место.

| Ред бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | цена од 01.08.2012 до 31.12.2012 година |
|---|---|---|---|
| **КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 665,2155 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 3,3755 |
| **КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 1.330,4310 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 6,7511 |

10. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 4 на оваа Одлука, согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија ("Сл.весник на РМ" бр.151/09), се одобруваат следните тарифни ставови за услугата снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на снабдувач:

| Ред бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | цена од 01.08.2012 до 31.12.2012 година |
|---|---|---|---|
| **СНАБДУВАЊЕ – ЗАПАД** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност за категорија домаќинстава на ниво на снабдувач | ден/kW/година | 328,4239 |
| 2. | Ангажирана топлинска моќност за категорија останати на ниво на снабдувач | ден/kW/година | 656,8479 |

11. Жалбата изјавена против оваа Одлука, не го одлага нејзиното извршување.

12. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 август 2012 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ – Скопје, согласно член 26 од Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење („Службен весник на РМ" бр. 62/09) (во понатамошниот текст Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) со допис бр. 01-403/1 од 05.07.2012 година, достави податоци и информации за:

- контрола на одобрена цена за остварување на регулиран максимален приход за дејноста снабдување со топлинска енергија за греење

заверено во архивата на Регулаторна комисија за енергетика со УП 1 бр.08-162/1 од 05.07.2012 година

СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ – Скопје ја достави следната документација:

1. Образложение на податоците за контрола на цена за СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ – Скопје;

2. Пополнети табели од Прилог 4 од Правилникот за регулираната дејност снабдување на топлинска енергија;
3. Список на вработени
4. Изјави за веродостојноста на поднесените податоци од страна на одговорните лица во претпријатието;
5. Копија од ревизорски извештај за 2011 година;
6. Копии од фактури за набавка на топлинска енергија;
7. Копии од фактури за услуга дистрибуција на топлинска;
8. Бруто биланс за 2011 година;

Регулаторната комисија за енергетика постапувајќи согласно член 23 од Правилникот, со Решение број 02-1255/1 од 24.07.2012 година свика подготвителна седница на 25.07.2012 година, со предмет на разгледување на "Предлог-Одлука за утврдување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за вршење наенергетската дејност снабдување со топлинска енергија за греење за 2012 година на СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ Скопје".

На подготвителната седница беа поканети и присуствуваа членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници на ТОПЛИФИКАЦИЈА АД – Скопје, претставници на ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ, претставници на СНАБДУВАЊЕ ИСТОК ДООЕЛ Скопје, претставници на СНАБДУВАЊЕ ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје, претставници на СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ Скопје, претставници од СКОПЈЕ СЕВЕР АД Скопје, претставници на АД ЕЛЕМ – Подружница Енергетика Скопје, претставник од ТЕ-ТО АД Скопје, претставник на Стопанска комора на РМ, претставник од Народниот правобранител и претставник на Министерство за економија. На седницата иако уредно поканети не присуствуваа претставник на Град Скопје, претставник на Општина Гази Баба, претставник на Општина Бутел, претставник на Општина Чаир, претставник на Сојузот на Стопански комори на РМ и претставник на Советот за заштита на потрошувачи на РМ.

**Доставени податоци**

Од доставените податоци на СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ – Скопје произлегува дека регулираниот максимален приход и цена за вршење на регулираната дејност снабдување со топлинска енергија за греење за 2012 година треба да изнесуваат:

| | Ед.мерка | 2012 |
|---|---|---|
| Регулиран максимален приход на годишно ниво 2011 година | денари | 68.333.283 |
| Остварен приход јануари -јули 2011 година | денари | 27.356.380 |
| Потребен приход август-декември 2012 година | денари | 40.976.903 |
| Количина на топлинска енергија за испорака август-декември 2012 година | kWh | 67.102.954 |

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика**

Регулаторната комисија за енергетика во согласност со член 26 од Правилникот отпочна постапка и изврши анализа на доставените податоци и информации за контрола на одобрената цена со која се остварува регулираниот максимален приход за дејноста снабдување со топлинска енергија на тарифни потрошувачи за 2011 година, врз основа на што ја изготви оваа Предлог Одлука.

***Оперативни трошоци***

Оперативните трошоци се пресметани согласно Правилникот и се презентирани во следнава табела:

| Р.б. | Опис | 2012 |
|---|---|---|
| 1 | Материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 2.645.576 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Тековно одржување, ремонт и услуги за одржување | 121.122 |
| 3 | Трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема | 76.025 |
| 4 | Бруто плати | 14.281.020 |
| 5 | Менаџерски плати и награди | 1.142.900 |
| 6 | Други услуги | 3.333.426 |
| 7 | Останати и вонредни трошоци | 2.045.717 |
| 8 | Даноци прид.и др.давачки кои не зависат од работење | 387.250 |
| 9 | Амортизација | 605.609 |
| **10** | **Вкупно оперативни трошоци** | **24.638.645** |

Маржата за дејноста снабдување со топлинска енергија за тарифни потрошувачи е утврдена да изнесува 32.643.770 денари за 2012 година.

СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ – Скопје во 2011 година има помалку остварен приход во однос на утврдениот со контролата во јули 2012 година во износ од 6.802.476 денари. Овој помалку остварен приход, Регулаторната комисија за енергетика го има во предвид при контролата на приходот за 2012 година за снабдување со топлинска енергија за тарифни потрошувачи.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука, незадоволната страна, согласно член 31, став 1, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр.16/2011), може да изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

**Скопје, 27 јули 2012 година**
**Број: УП1 бр.08-162/12**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**

Прилог:

Табела 1 - Преглед на трошоци и приходи за 2011 и 2012 година
Табела 2 - Пресметка на регулиран максимален приход и цена за 2012 година
и за период август – декември 2012 година

**СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД**

**Преглед на трошоци и приходи за 2011 и 2012 година**

**ТАБЕЛА 1**

| Р.број | ОПИС | 2011 година | | | 2012 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | РКЕ ОДЛУКА ОД ЈУЛИ 2011 Г. | Податоци од бруто биланс за 2011 година | РКЕ КОНТРОЛА на 2011 ОД ЈУЛИ 2012 година | РКЕ ОДОБРЕНО СО ОДЛУКА ОД ДЕКЕМВРИ 2011 Г. За 2012 година | Податоци од СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ЈУЛИ 2012 Г. | РКЕ КОНТРОЛА ЈУЛИ 2012 Г. |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | **Нормализирани трошоци** | **25,527,793** | **25,139,204** | **23,958,535** | **24,638,645** | **31,559,969** | **24,638,645** |
| 1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 1,113,978 | 1,214,360 | 1,214,360 | 2,645,576 | 2,645,576 | 2,645,576 |
| 2 | Трошоци за тековно одржување (до 20% од амортизацијата) | 55,918 | 34,435 | 34,435 | 121,122 | 137,226 | 121,122 |
| 3 | Трошоци за осигурување | 26,810 | 62,978 | 62,978 | 76,025 | 76,025 | 76,025 |
| 4 | Бруто плати | 13,604,573 | 14,212,919 | 14,322,204 | 14,281,020 | 14,336,712 | 14,281,020 |
| 5 | Менаџерски плати (за еден менаџер) | 1,922,843 | 1,270,746 | 1,270,746 | 1,142,900 | 1,306,800 | 1,142,900 |
| 6 | Други услуги (просечно учество од три години во позиција 1) | 2,438,832 | 4,214,687 | 4,214,687 | 3,333,426 | 9,131,156 | 3,333,426 |
| 7 | Останати и вонредни трошоци ( до 10% од позициите 1,2,3,4 и 6 ) | 1,724,011 | 3,274,820 | 1,984,866 | 2,045,717 | 2,632,670 | 2,045,717 |
| 8 | Даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од работењето | 4,366,722 | 248,650 | 248,650 | 387,250 | 607,674 | 387,250 |
| 9 | Амортизација | 274,106 | 605,609 | 605,609 | 605,609 | 686,130 | 605,609 |
| | | | | | | | |
| **I** | **Вкупно трошоци** | **25,527,793** | **25,139,204** | **23,958,535** | **24,638,645** | **31,559,969** | **24,638,645** |
| | | | | | | | |
| **II** | **ПРИНОС НА ОБРТНИ СРЕДСТВА** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | | | | | | | |
| **III** | **МАРЖА** | **25,843,720** | **19,284,005** | **27,267,150** | **31,833,702** | **36,773,314** | **32,643,770** |
| | | | | | | | |
| **V** | **Регулиран максимален приход - MAR** | **51,371,513** | **44,423,209** | **51,225,685** | **56,472,347** | **68,333,283** | **57,282,415** |
| | | | | | | | |
| **VI** | **Разлика на приход за 2011 година** | | | | | | **6,802,476** |
| | | | | | | | |
| **VII** | **Приход за 2012 година (V + VI)** | | | | | | **64,084,891** |
| | | | | | | | |
| **VIII** | **Реализиран приход (јануари-јули 2012 година)** | | | | | **27,356,380** | **27,356,380** |
| **IX** | **Приход кој треба да се реализира (август-декември 2012 година)** | | | | | **40,976,903** | **36,728,511** |
| **X** | **Количина на топлинска енергија за испорака во 2012 година одобрена со Одлука од декември 2011 година** | | | | **168,569,569** | | |
| **XI** | **Количина на топлинска енергија која треба да се испорача во периодот октомври-декември 2012 година** | | | | | **67,102,954** | **69,327,389** |

**ДАТУМ: ЈУЛИ 2012 година**

## Пресметка на регулиран максимален приход и цена за 2012 година MAR2012

ТАБЕЛА 2

| ОПИС | СНАБДУВАЊЕ ЦЕНТАР | СНАБДУВАЊЕ ИСТОК | СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Набавени количини на топлинска енергија | 260,606,016 | 185,248,917 | 196,735,903 | 642,590,836 |
| Испорачана количина на топлинска енергија (kWh) | 229,333,294 | 163,019,047 | 173,127,595 | 565,479,936 |
| Вкупна вредност на планирана набавка на топлинска енергија | 1,027,994,192 | 730,738,353 | 776,050,256 | 2,534,782,801 |
| Трошок за услуга дистрибуција на топлинска енергија | 53,044,251 | 37,705,922 | 40,044,005 | 130,794,178 |
| Вкупен трошок за набавка на топлинска енергија до праг на корисник | 1,081,038,443 | 768,444,275 | 816,094,261 | 2,665,576,979 |
| МАРЖА ЗА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ | 43,241,538 | 30,737,771 | 32,643,770 | 106,623,079 |
| Нормализирани трошоци за дејност снабдување | 26,671,882 | 25,082,582 | 24,638,645 | 76,393,109 |
| Трошок за услуга снабдување на топлинска енергија (MAR за снабдување) | 69,913,420 | 55,820,353 | 57,282,415 | 183,016,188 |
| Фактор за корекција | -7,517,613 | 12,504,495 | 6,802,476 | 11,789,359 |
| **ВКУПЕН ПРИХОД ЗА УСЛУГА СНАБДУВАЊЕ** | **62,395,807** | **68,324,848** | **64,084,891** | **194,805,547** |
| **Вкупно регулиран максимален приход** | **1,143,434,250** | **836,769,123** | **880,179,153** | **2,860,382,526** |

## Пресметка на регулиран максимален приход за периодот август - декември 2012 година MAR2012

| ОПИС | СНАБДУВАЊЕ ЦЕНТАР | СНАБДУВАЊЕ ИСТОК | СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Набавени количини на топлинска енергија | 104,357,336 | 74,181,263 | 78,781,124 | 257,319,723 |
| Испорачана количина на топлинска енергија (kWh) | 91,834,456 | 65,279,512 | 69,327,389 | 226,441,357 |
| Вкупна вредност на планирана набавка на топлинска енергија | 446,165,591 | 317,151,898 | 336,817,975 | 1,100,135,464 |
| Трошок за услуга дистрибуција на топлинска енергија | 23,975,103 | 17,042,438 | 18,099,212 | 59,116,753 |
| Вкупен трошок за набавка на топлинска енергија до праг на корисник | 470,140,694 | 334,194,336 | 354,917,186 | 1,159,252,217 |
| Трошок за услуга снабдување на топлинска енергија (MAR за снабдување) | 14,256,998 | 41,349,200 | 36,728,511 | 92,334,710 |
| **Вкупно регулиран максимален приход** | **484,397,692** | **375,543,537** | **391,645,698** | **1,251,586,927** |

Јули 2012 година